РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 25.06.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2588/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** два издавачи на печатени медиуми, и тоа:

   2.1. Друштво за производство,трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас“; и

   2.2. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Бахче“.

Со надзорот се опфатени следните два печатени медиуми:

- изданието за април 2026 година на „Штипски глас“ бр. 161; и
- изданието за април-мај-јуни 2026 година на „Бахче“ бр. 45.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јуни 2026 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум, телевизиска емисија и во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*

- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

**5. Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај двата печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***